СТ.бр.27/23 (1/24,3/24)

**Закачено на** огласна табла на судот на ден 19-07-2024 година во 14,00 часот.

**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци- во стечај со седиште с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7331380 и ЕДБ: 4011019516489 а одлучувајќи по поднесениот предлог од стечајниите доверители ДОН ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци, и други ( од реден број 1 до реден број 33) наведени во предлогот примен во судот на ден 19-07-2024 година и по предлогот од стечајните доверители ДОН ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци и други ( од реден број 1 до реден број 62) наведени во предлогот примен во судот на ден 19-07-2024 година, сите преку заеднички полномошник Адвокат Гоце Ситникоски од Скопје , и по предлогот од доверителот Друштво со ограничена одговорност за трговија и транспорт БИК ШПЕД ДООЕЛ Биков Лазар Кавадарци , без одржување на рочиште на ден 19-07-2024 година го донесе следното :

**Р е ш е н и е**

**I.** Предлозите поднесени од стечајните доверители по двата доставени предлози од стечајите доверители ДОН ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци и други, и предлогот од стечајниот доверител Друштво со ограничена одговорност за трговија и транспорт БИК ШПЕД ДООЕЛ Биков Лазар Кавадарци, за укинување на Одлуки донесени од Собрание на доверители на стечајниот должник Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци- во стечај , на седница одржана на ден 11-07-2024 година , **се усвојува.**

**II. Со решение** Ст.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 18-07-2024 година и со решение СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 19-07-2024 година донесени од овој суд , **е одлучено и се укинати** Одлуките донесени од Собрание на доверители на стечајниот должник на седница одржана на ден 11-07-2024 година со кои се прифаќаат понудите на понудувачот Друштво за производство на метали ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7749759 за продажба на имотот -стечајна маса на стечајниот должник и тоа за- **Пакет бр. 1** - Инвентар и Лабораторија - **Пакет бр. 2** -Капекс Магацин , **Пакет бр. 4**-ОПЕКА **и Пакет бр. 5** -Магацин Резервни делови **.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 02-02-2024 година е отворена стечајна постапка над должникот Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци- во стечај . Со истото решение за стечаен управник е именуван Ацо Петров од Скопје.

Отворањето на стечајната постапка над должникот е јавно објавено и преку објавување на оглас во Службен Весник на РСМ бр. 28 од 07-02-2024 година како и во два дневни весници Нова Македонија и Вечер и тоа на ден 06-02- 2024 година.

За одржување на првото извештајно Собрание на доверители закажано за на ден 26-04-2024 година е објавен оглас во Службен Весник на РСМ бр. 78

од 05-04-2024 година , објавен е оглас на в еб страната на судот и на огласната табла на судот на ден 02-04-2024 година.

Стечајниот управник во судот достави Извештај за економско финансиската состојба на должникот и почетен стечаен биланс на 16-04-2024 година и судот ги објави на огласната табла на судот и на веб страната на судот а стечајниот управник во смисла на одредбата од чл.96 од Законот за стечај објави оглас во дневен весник дека Извештајот е депониран во стечајното досие.

На ден 26-04-2024 година е одржано прво извештајно Собрание на доверители а претходно е одржано рочиштето за испитување на побарувањата на доверителите .

На првото одржано извештајно собрание на 26-04-2024 година , стечајните доверители во смисла на одредбите од чл.50 од Законот за стечај ги донесоа одлуките кои се должни да ги донесат на истото односно со 100% од присутните доверители со утврдени побарувања претставени на Собранието на доверители го потврдија именуваниот стечаен управник Ацо Петров од Скопје.

Донесоа одлука да не се проширува бројот на Одборот на доверители и да не се променува неговиот состав и го потврдија составот на Одборот на доверители именуван од стечајниот судија со решение од 26-02-2024 година , со мнозинство од 95,80% од присутните доверители со утврдени побарувања претставени на Собранието на доверители .

На првото извештајно собрание, Собранието на доверители донесе одлука со која го усвои извештајот изготвен од стечајниот управник односно донесе одлука за затворање на деловниот потфат кај должникот и тоа со процент од 88,74% од доверителите со признати и утврдени побарувања претставени на првото извештајно собрание.

Судот во смисла на одредбата од чл.97 ст.5 од Законот за стечај донесе решение со кое ги констатира донесените одлуки од чл.50 ст.1 од Законот за стечај, донесени од Собраниието на доверители на првото извештајно собрание.

На ден 26-06-2024 година е одржана првата електронска е-аукција за продажба на имотот стечајна маса на должникот и тоа поделен во пет пакети и тоа без објавување на почетна цена.

После завршување на првата електронска продажба е-аукција стечајниот управник во судот достави предлог за свокување на Собрание на доверители а во смисла на одредбата од чл.99 од Законот за стечај наведувајќи дека единствен понудувач за имотот во сите пет пакети е понудувачот Друштво за производство на метали ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7749759 , но дека добиените понуди се пониски од проценетета вредност на имотот.

Судот го прифати предлогот на стечајниот управник и свика Собрание на доверители на стечајниот должник која седница се одржа на ден 11-07-2024 година во 11,00 часот во судот.

За седницата на Собрание на доверители беше објавен оглас на огласната табла и веб страната на судот и тоа на ден 26-06-2024 година, беше објавен оглас во Службен Весник на РСМ бр. 135 од 28-06-2024 година , беше објавен оглас во дневен весник Нова Макдеонија на 28-06-2024 година и беше доставено известување до Централен регистар на РСМ на ден 26-06-2024 година.

На седницата на Собрание на доверители беа присутни доверители со утврдени и признати побарувања од 67,172% од вкупно утврдените и признати побарувања а согласно Коригираната шема-Табела на утврдени побарувања депонирана во судот на ден 16-04-2024 година.

На оваа седница на Собрание на доверители , доверителите го изгласаа

утврдениот дневен ред објавен во горенаведените гласила и по однос на точка 1 од дневниот ред а тоа е понудата на единствениот понудувач Друштво за производство на метали ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци за продажба на имотот -стечјна маса на должникот за -ПАКЕТ бр. 1 - Инвентар и Лабораторија , со проценета вредност од 14.143.567,00 денари а со понуда во износ од 5.658.000,00 денари или 40% од проценетата вредност ја прифатија понудата и тоа со процент од 72,415% од доверителите кои се присутни на седницата на Собрание на доверители и кои го користат правото на глас претставени на Собранието на доверители а во смисла на одредбата од чл. 47 став 2 од Законот за стечај.

После донесување на оваа одлука за Пакет бр. 1 , во 12,00 часот дел од доверителите самоиницијативно ја напуштија судницата па седницата на Собрание на доверители продолжи да се одржува со доверителите кои што останаа во судницата а кои имаат утврдени признати побарувања од 62,216% од вкупно утврдените побарувања според Коригираната шема на утврдени побарувања од 16-04-2024 година.

На седницата на Собрание на доверители присутните доверители не ја прифатија понудата на единствениот понудувач за имотот стечајна маса на должникот и тоа за ПАКЕТ бр. 3- Нова Инженеринг Магацин со проценета вредност од 27.046.814,00 денари а со понуда во износ од 738.000,00 денари или 2,72% од проценетата вредност и тоа со 98,085% од доверителите кои се присутни на седницата на Собрание на доверители и кои го користат правото на глас претставени на Собранието на доверители.

По однос на имотот стечајна маса на должникот и тоа за -ПАКЕТ бр.2 -Капекс Магацин со проценета вредност од 43.492.742,00 денари а со понуда во износ од 13.530.000,00 денари или 31,10% од проценетата вредност присутните доверители ја прифатија понудата на единствениот понудувал со процент од78,184% од доверителите кои се присутни на седницата на Собрание на доверители и кои го користат правото на глас претставени на Собранието на доверители.

По однос на имотот стечајна маса на должникот и тоа за ПАКЕТ бр. 4 -ОПЕКА со проценета вредност од 66.214.201,00 денари а со понуда во износ од 15.744.000,00 денари или 23,77% од проценетата вредност, присутните доверители ја прифатија понудата на единствениот понудувач со процент од 78,184% од доверителите кои се присутни на седницата на Собрание на доверители и кои го користат правото на глас претставени на Собранието на доверители.

По однос на имотот стечајна маса на должникот и тоа за ПАКЕТ бр. 5-Магацин Резервни делови со проценета вредност од 371.852.869,00 денари а со понуда во износ од 75.030.000,00 денари или 20,17% од проценетата вредност , присутните доверители ја прифатија понудата на единствениот понудувач со процент од 78,184% од доверителите кои се присутни на седницата на Собрание на доверители и кои го користат правото на глас претставени на Собранието на доверители.

Сите донесени пет одлуки се констатирани од судот на записникот за одржана седница на Собрание на доверители на стечајниот должник во присуство на сите наведени и констатирани доверители и стечајниот управник.

На ден 16-07-2024 година по пошта а примен во судот на ден 17-07-2024 година , стечајните доверители Друштво за транспорт, трговија и услуги ЏОЛИ-ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Босилово, Друштво за производство, транспорт , трговија и услуги ВЕНИ-ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Штип и Друштво за производство, трговија и услуги СТО-ВЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Демир Капија сите преку полномошник Адвокат Катерина Тољкова Трајкова од Неготино доставија

предлог за укинување на Одлуките донесени на седница на Собрание на доверители на ден 11-07-2024 година и тоа за имотот децидно опишан во Пакет бр. 2, Пакет.бр.4 и Пакет бр. 5 а во смисла на одредбата од чл. 49 од Законот за стечај.

Судот со посебно решение СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 18-07-2024 година го усвои предлогот доставен од стечајните доверители и ги укина Одлуките донесени од Собрание на доверители на стечајниот должник на одржана седница на 11-07-2024 година по однос на прифатените понуди од единствениот понудувач за Пакет.бр.2, Пакет.бр.4 и Пакет број 5 од сите причини децидно наведени во изреката и образложението на решението.

После донесување на горенаведеното решение на ден 17-07-2024 година по пошта а примено во судот на ден 18-07-2024 година стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар со седиште на Стасионоу 23, 3-ти спрат Егкоми 2404 Никозија Кипар преку полномошник Адвокатско друштво Тошиќ и Јевтиќ Скопје достави предлог за укинување на Одлуките донесени на седница на Собрание на доверители на ден 11-07-2024 година и тоа за имотот децидно опишан во Пакет бр. 1 , Пакет бр. 2, Пакет.бр.4 и Пакет бр. 5 а во смисла на одредбата од чл. 49 од Законот за стечај.

Судот со посебно решение СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 19-07-2024 година го усвои предлогот доставен од стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар и ја укина Одлуката донесена од Собрание на доверители на стечајниот должник на одржана седница на 11-07-2024 година по однос на прифатените понуди од единствениот понудувач за Пакет.бр.1, од сите причини децидно наведени во изреката и образложението на решението а во решението констатира дека со посебно решение од 18-07-2024 година се укинати одлуките за Пакет бр. 2, Пакет бр. 4 и Пакет бр. 5.

После донесување на горецитираното решение во судот се примени два предлози и тоа од доверителите ДОН ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци и тоа вкупно 33 стечајни доверители за укинување на одлуката за Пакет бр. 1, и предлог од стечајниот доверител ДОН ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци и други односно вкупно 62 доверители со податоци наведени во предлогот сите преку полномошник Адвокат Гоце Ситникоски за укинување на одлуките за Пакет бр. 2 , Пакет бр. 4 и Пакет број 5, и трет предлог од стечајниот доверител Друштво со ограничена одговорност за трговија и транспорт БИК ШПЕД ДООЕЛ Биков Лазар Кавадарци за укинување на Одлуките донесени на седница на Собрание на доверители на ден 11-07-2024 година и тоа за имотот децидно опишан во Пакет бр. 1 , Пакет бр. 2, Пакет.бр.4 и Пакет бр. 5.

Согласно одредбата од член 49 од Законот за стечај „ Ако доверителите на седница на собранието донеле одлука со која се повредуваат интересите на доверителите во стечајната постапка или ако се оневозможува еднаков пристап на сите доверители кон колективното намирување, одлуката може да ја укине стечајниот судија. Предлог за укинување може да поднесе стечајниот управник, секој доверител чии права се повредени и кој не гласал за одлуката која се оспорува, во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието на доверители до стечајниот судија. Стечајниот судија може и по службена должност да ја укине таа одлука. По поднесениот предлог, како и кога одлучува по службена должност, стечајниот судија решение донесува во рок од осум дена. Решението се објавува јавно. Против решението со кое се укинува одлуката на собранието на доверители, право на жалба има секој доверител доколку неговите права се засегнати со одлуката во рок од осум дена по јавното објавување на одлуката. Право на жалба има и стечајниот управник и доверителот доколку стечајниот судија донел решение со кое го одбил

предлогот за укинување на одлуката на собранието на доверители".

Судот ги разгледа сите три предлози и констатира дека подносителите имаат легитимитет да бидат подносители на истите и дека предлозите се основано.

Но судот имајќи во предвид дека веќе со претходно донесените две решенија Ст.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 18-07-2024 година и од 19-07-2024 година по претходно поднесени предлози од други стечајни доверители одлучи и ги укина одлуките донесени од Собрание на доверители на стечајниот должник на седница одржана на ден 11-07-2024 година со кои се прифаќаат понудите на понудувачот Друштво за производство на метали ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7749759 за продажба на имотот -стечајна маса на стечајниот должник и тоа за - Пакет бр. 1 -Инвентар и Лабораторија , Пакет бр. 2 -Капекс Магацин , Пакет бр. 4-ОПЕКА и Пакет бр. 5 -Магацин Резервни делови, не одлучуваше повторно за истиот предлог затоа што веќе се донесени решенија, одлучено е за укинување на одлуките и решенијата се јавно објавени на огласната табла и веб страната на судот и се достапно за сите заинтересирани лица.

Причините за основаноста на укинување на одлуките донесени на Собрание на доверители од одржана седница на11-07-2024 година судот ги има децидно образложено во двете решенија од 18-07-2024 година и од 19-07-2024 година.

Предвид на горенаведеното судот одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Елизабета Петковска, с.р.

**Правна поука:**

Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена
по приемот на истото и објавата на огласната табла на судот ,
преку овој суд до Апелационен Суд Скопје.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ : СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 19-07-2024 година**

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да се достави до:**
1.Стечаен управник Ацо Петров.
2.Адвокат Гоце Ситникоски Скопје
3. БИК ШПЕД ДООЕЛ Кавадарци
4.Огласна табла и веб страна на судот.